**З А П И С Н И К бр. 28**

Од одржаната 28-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 15.03.2019 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници . Останати присутни:Градоначалникот Блаже Станков, Методи Николов, Ленче Илиова, Горан Кокев, преставници од АД Водостопанство на РМ и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 27-тата седница.**
2. **Предлог Одлука за усвојување на завршната сметка на КЈП Водна Кула Зрновци за 2018 год.**
3. **Разгледување на предлогот за реконструкција на кровот на трпезаријата во селските гробишта во Зрновци**
4. **Предлог одлука за усвојување на завршната сметка на општина Зрновци за 2018 год.**
5. **Предлог Одлука за усвојување на завршната сметка на ОУ Синиша Стоилов за 2018 год.**
6. **Предлог одлука за усвојување на завршната сметка на ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци за 2018 год.**
7. **Решение за формирање на Локален совет за превенција**
8. **Решение за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво**
9. **Статутарна одлука за измена и допуна на Статутот на општина Зрновци**
10. **Информација за работењето на АД Водостопанство на РМ подружница кочани и активности кои се преземаат за реализација на планот**
11. **Разно**

**Тек на седницата**: Претседателот ја отвори седницата и ги поздрави присутните. Тој предложи во интерес на гостите од АД Водостопанство 10тата точка да биде ставена втора по ред. Со ваквиот предлог дневниот ред беше усвоен со 9-ЗА гласа.

1. **Усвојување на записникот од 27-тата седница.**

Претседателот ја отвори точката за дисксуија. Никој не побара збор. Записникот беше усвоен со 9-ЗА гласа.

2. **Информација за работењето на АД Водостопанство на РМ подружница кочани и активности кои се преземаат за реализација на планот.**

Претседателот отвори дисксуија по точката и даде збор на преставниците односно Горан Зашов. Тој накратко појасни дека друштвото ќе се придржува кон усвоениот план за наводнување за 2019 год. дека се отпочнати активности за чистење на каналите и вадите и дека се очекува наскоро механизацијата да дојде и во нашиот атар. Тој кажа дека во Калиманци имало 90 милиони м3 вода и дека се надева дека оваа количина на вода ќе била доволна.Во оваа општина само фирмата БМФ ќе сеела ориз и дека веќе бил одржан координативен состанок со сопственикот. Понатаму тој кажа дека тие имаат некој план како и кои вади да се чистат но изрази спремност доколку локалната самоуправа инсистира на некои вади истите да се исчистат за тие 5-6 дена додека е тука механизацијата. Во врска со чистењето на вадите во населеното место тој побара асистенција и од општината и КЈП околу изнасањето на земјата. Тој го потенцира и проблемот со скршената каналетка на влезот од кругот на Ефтим и истекувањето на водата по патот и побара заеднички состанок и иницијатива за решабвање на овој проблем. Здравко Иванов праша дали се планира чистење на каналот и после Зрновци. Му беше одговорено дека најверојатно ќе биде исчистено за наводнување на лозјето во Видовиште. Душко Горгиев праша дали ќе се чисти јазот во Поповец. Му беше одговорено дека тие тој јаз го водат како Седевец и дека ќе биде исчистен тој и други кои ќе бидат посочени од страна на општината. Душко Горгиев повторно се наврати на проблемот со фактурите за воден надомест односно дека ниви кои не биле наводнувани се ставани во облогот за наплата. Од страна на Горан Зашов беше кажано дека тој лично го правил облогот и дека сансите за греска се многу мали и дека имало процедура за поднесување на приговор кон фактурите. Градоначалникот се јави за збор и го кажа своето мислење, дека доколку водостопанство гиимало исчистено вадите и докарано вода до нивите и истите да не се наводнувани треба да се плати надомест или дел од него а доколку вадите не се чистени и се нема докарано вода нема право за наплата на воден надомест. Тој искажа задоволство од соработката и чистењето на вадите за ланската година и изрази надеж на успешна соработка и оваа година. Виктор Ангелов праша дали друштвото има поднесено проект за чистење на каналот. Му беше одговорено дека да, но на друга делница.

На крајот се узвои **Заклучок да се поднесе писмена иницијатива за средба помеѓу општина Зрновци, БМФ и АД Водостопанство за решавање на проблемот со истекување на водата кај влезот на Мотекс.**

Информацијата беше усвоена со 9-ЗА гласа.

3. **Предлог Одлука за усвојување на завршната сметка на КЈП Водна Кула Зрновци за 2018 год.**

Претседателот ја отвори точката за дискусија и даде збор на Директорот Горан Кокев. Тој накратко ги појасни елементите од завршната сметка. Тој кажа дека заедно со наплатата на старите долгови КЈП има скоро 99% наплата. Тука реплицираше Градоначалникот кој праша колкава е наплатата само за 2018 год. Му беше одговорено дека нема точен процент но дека многу е зголемена бидејќи многу лица кои воопшто не плаќале за вода сега почнале да плаќаат. Повторно беше посочена потребата од редовно читање на саатите. Градоначалникот праша и за добиената цена по тендерот за хемикалии. Му беше



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

одговорено дека цената е за 0,3 ден помала од минатогодишната. Тој кажа дека тој како градоначалникот е од страната на граѓаните а дека секое избрано лице Директор треба да се грижи за законитоста на своето работење. Виктор Новков постави прашање до директорот околу квалитетот на водата бидејќи имал видео од денот кога таа била многу матна. Се отвори дискуија околу тоа дали заматеноста е постојана или само после дефект. Завршната сметка беше усвоена со 9-ЗА гласа.

4. **Разгледување на предлогот за реконструкција на кровот на трпезаријата во селските гробишта во Зрновци**

Претседателот отвори дискуија по точката. Виктор Новков праша дали дел од средствата што КЈП ги собира како такса за погреб не може да се употреби за оваа намена?

Му беше одговорено дека голем дел од овие средства уште не се наплатени и дека средствата се мали. Се разви дискусија околу потребата што треба се се реновира колку тоа би чинело и од каде да се изнајдат средства. Едната опција беше да се оди само со предмер пресметка и реновирањето да оди на етапи а другата е да се изработи проект. На крај се остави на Градоначалникот да се размисли околу ова и да се изнајде конкретно решение. Се донесе одлука да се отпочнат активности за реновирање со 8-ЗА ( Виктор Ангелов си замина во 14.00.)

5. **Предлог одлука за усвојување на завршната сметка на општина Зрновци за 2018 год.**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на ленче Илиова. Таа накратко ја појасни завршната сметка и побара прашања ако има. Виктор Новков праша за сумата од страна 43 - 13.000 за споменици? Му беше одговорено дека тоа е сумата за споменикот на паднатите борци во Мородвис.
Завршната сметка беше усвоена со 8-ЗА гласа.

6. **Предлог Одлука за усвојување на завршната сметка на ОУ Синиша Стоилов за 2018 год.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Виктор Новков праша дали има начин да се одложи примањето на нов службител во Мородвис бидејќи имало веќе, а деца биле многу малку. Му беше одговорено дека со тоа општината само ќе изгуби.Јохан Горгиев праша за една ставка од завршната сметка. Славчо Гиздовски праша околу долгот на општината спрема Гранит. Градоначалникот му одговори дека Гранит генерално не прифаќа но сеуште се чека на конечниот одговор и дека сега имало и уште еден долг на општината спрема ЕСМ но треба да се ресчисто точно која е сумата.
Завршната сметка се усвои со 8-ЗА гласа.

7. **Предлог одлука за усвојување на завршната сметка на ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци за 2018 год.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Немаше никој да се јави за збор и завршната беше усвоена со 8-ЗА гласа.

8. **Решение за формирање на Локален совет за превенција**

Претседателот отвори дискуија по точката. За збор се јави Градоначалникот кој прочита од дописот доставен до општината за намената и составот и на двата совети.
Во составот на Локалниот совет за превенција беа предложени:

- Градоначалникот, Претседавачот на Совет,Командирот на полиција Горанчо Јакимовски,раководителот на крим полиција Оливер Шахинов, Методи Николов ( секретар на советот) и Благој Данев. Одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

9. **Решение за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво**

Претседателот отвори дискусија по точката. Градоначалникот уште еднаш го прочита дописот во врска со точката и за членови на општинскиот совет ги предложи:

- Борчо Коцев, Ангелина Савева, Кристина Стојкова,Златка Соколова, Марија Маневска, Верица Савева, Зоран Горгиев,Верица Иванова,Лазар Коцев и Горан Кокев.

За изборот на Советот гласаа 8 советници.

10. **Статутарна одлука за измена и допуна на Статутот на општина Зрновци**

Претседателот отвори дискуија по точката. Методи Николов појасни дека треба да се измени и Статутот на општината поради промена на името на државата и промената на печатите. Советниците од ВМРО се изјаснија дека нема да гласаат и побараа одложување на точката . одлуката за одлагање беше изгласана со 8-ЗА гласа.

11. **Разно**

Претседателот отвори дискусија по точката. Виктор Новков побара да се провери тежината на камионите што носат песок од каменоломот и кои минат по мостовите. Градоначалникот кажа дека тој уште порано имал ставено знак од максимум 10 т на мостот кај Мородвис но не можел да го спречи поминувањето на тешките возила. Тој кажа дека има шанси да се реконструира патот Зрновци – Видовиште со ширина од 5м.

Немаше понатамошна дискусија и седницата заврши во 15:27.

| | |
|---|---|
| **Записничар** | **Претседател на Совет на општина Зрновци** |
| **Благој Данев** | **Владо Ристов** |



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)